РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
MINISTRIA E FINANCAVE
Скопје
Shkup

Република Северна Македонија
Министерство за финансии

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Financave

Друштво за производство, тровија и услуги
АЛФА-ГЕОДЕТ ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 03-347/1
06.04.2023 год
СКОПЈЕ

Бр. / Nr. 03-7912/1
03-07-2023 20 год. / viti

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на услуги – изработка на геодетски елаборати и вештачења

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, со седиште на ул. „Даме Груев“, бр.12, Скопје, претставувано од Dr. Fatmir Besimi, министер за финансии, во понатамошниот текст: договорен орган и

2. ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРОВИЈА И УСЛУГИ АЛФА-ГЕОДЕТ ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ, со седиште на Бул.„Партизански одреди“, бр.46А/1-2, Скопје, застапувано од Јованка Лазороска, управител, во натамошниот текст: носител на набавката.

### I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ
Член 1

Предмет на овој Договор е јавна набавка за изработка на геодетски елаборати и вештачења за потребите на Министерството за финансии по спроведената постапка за набавка од мала вредност, по оглас бр.05953/2023.

Составен дел на овој договор е Предмер на услугите-листа на цени (Прилог 1).

### II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ
Член 2

Максималната вредност на договорот изнесува 200.000,00 денари без вклучен ДДВ.

Максималната вредност на договорот изнесува 236.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Договорниот орган не се обврзува во целост да ги реализира предвидените средства од став 1 на овој член.

Единечните цени за извршување на услугите предмет на овој Договор претставуваат износ на денари без ДДВ и се искажани по позиции во листата на цени која е составен дел Договорот.

Единечните цени по позиции утврдени во Договорот, неможе да се менуваат до истекот на важноста на овој Договор.

Трошоците за користење на податоци од Геодетско-катастарскиот информационен систем, не се вклучени во единечните цени и тие дополнително се

фактурираат од страна на носителот на набавката за што во прилог на фактурата треба да достави доказ за извршено плаќање.

Цените ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот.

## III. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 3

Плаќањето ќе се врши врз основа на доставена фактура по извршување на побараната услугата согласно листата на цени.

Договорниот орган ќе го изврши плаќањето во рок до 30 (триесет) календарски денови сметано од денот на приемот на фактурата. Фактурата за извршената услуга се доставува на договорниот орган на следнава адреса: ул.„Даме Груев" бр. 12, 1000 Скопје.

Во прилог кон фактурата избраниот понудувач доставува копија од геодетскиот елаборат/вештачење. Задолжително во прилог на фактурата се доставува и докази за извршените плаќања за трошоците за користење на податоци од Геодетско-катастарскиот информационен систем.

## IV. НАЧИН И РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ

### Член 4

Носителот на набавката е должен да ги изврши услугите -предмет на овој Договор според описот наведен во техничката спецификација од тендерската документација, Законот за катастар на недвижности и прописите донесени врз основа на истиот, Правилникот за геодетски работи за посебни намени и други важечки позитивни законски прописи како и согласно со правилата и стандардите на геодетската струка.

Носителот на набавката е должен да ги извршува услугите сукцесивно, врз основа на писмен налог (порачка) од Договорниот орган, во рок не подолг од 25 календарски дена од денот на приемот на порачката за геодетските елаборати и не подолго од 30 календарски денови од денот на прием на порачката за вештачењата.

Нарачките ќе се вршат во зависност од потребите на Договорниот орган кој не се обврзува да ги искористи и нарача во целост предвидените средства за услугите - предмет на овој Договор.

Носителот на набавката - давателот на услугите е одговорен за:

-точното обележување на Работите во однос на оригиналните референтни точки (репери), правци и нивоа (коти),

-обезбедувањето на сите потребни инструменти, апарати и работна рака во поглед на наведените одговорности и
-точноста на податоците во изработените геодетските елаборати.

Геодетските елаборати треба да бидат изготвени:
-во согласност со законските одредби кои ја регулираат оваа материја,
-во хартиена и електронска форма,
-во 5 (пет) оригинални заверени примероци во хартиена форма и
-во 4 (четири) примерока во електронска форма од кои два во PDF и два во DWG формат, електронски потпишани.

За сите евентуални неправилности/недостатоци констатирани од страна на Агенцијата за катастар на недвижности, носителот на набавката е должен истите да ги отстрани/корегира без право на надомест од договорниот орган.

Доколку, во било кое време, се појави грешка во положбата, нивоата, димензиите или меѓусебната поврзаност на трасата утврдена со елаборатот, носителот на набавката на свој трошок ја поправа грешката согласно барањата на договорниот орган или институцијата пред која договорниот орган го доставува Геодетскиот елаборат, освен кога таа гршка произлегува од неточни податоци за кои носителот на набавката не сноси одговорност.

Вештачењата треба да бидат изготвени во 3 (три) оригинални заверени примероци во хартиена форма и во електронска форма.

## V. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 5

Носителот на набавката се обврзува и е должен веднаш по потпишување на договорот да пристапи кон неговата реализација на начин и согласно прифатените услови дефинирани во понудата и техничките спецификации.

Носителот на набавката е должен своите обврски да ги извршува стручно и квалитетно согласно со техничките спецификации.

## VI. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 6

Договорниот орган се обврзува да ја плати уредно доставената фактура на начин и во рок утврден во член 3 од овој договор.

## VII. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 7

Договорот е со важност од 24 месеци сметано од денот на потпишување од двете договорни страни или до искористување на предвидените средства.

## VIII. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 8

Овој договор може да се раскине спогодбено, во согласност на договорните страни.

Член 9

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 10

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 11

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

Член 12

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## IX. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 13

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на анекс на договорот во согласност со Законот за јавните набавки.

Член 14

Договорот влегува во сила со денот на потпишувањето од двете договорни страни.

Член 15

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

Член 16

За сè што не е регулирано со овој договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Член 17

При секоја обработка на личните податоци во текот на реализацијата на овој договор, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 18

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примерока за договорниот орган и 2 (два) примерока за носителот на набавката.

| ДОГОВОРЕН ОРГАН: | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА: |
|---|---|
| РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ<br>СКОПЈЕ | ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ<br>АЛФА-ГЕОДЕТ ДООЕЛ<br>ЕКСПОРТ ИМПОРТ<br>СКОПЈЕ |
| МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ<br>Dr. Fatmir Besimi | УПРАВИТЕЛ<br>Јована Лазороска |

Изработил: Петрина Мало
Провериле: Даниела Јанкова
Елизабета Калачоска
Согласен: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Одобрил: д-р Јелена Таст

**Предмер на услугите - Листа на цени**

| р.б | Геодетски елаборат | Единица мерка | Основна цена | Цена за $м^2$ | Вкупно основна цена + цена за $м^2$ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | За премер на внатрешна површина на посебни и заеднички делови од зграда и други објекти : стан, подрум, подземна гаража, гаражно место, деловна просторија и други во функција на запишување/промена во катастар на недвижности **(основна цена+1$м^2$х цена за $м^2$)** | $м^2$ | 1363,00 | 7,00 | 1370,00 |
| **р.б** | **Геодетски елаборат** | **Единица мерка** | **Основна цена** | **Цена за $м^2$** | **Вкупно основна цена + цена за $м^2$** |
| 2 | За премер на внатрешна површина, вклучувајќи и габаритен премер на згради и други објекти: семејна станбена куќа, деловен објект, базени, рибници, силос, резервоар. надградба/доградба, помошен објект гаража/гаражно место, плевна, шупа и др.) и други, независно за колку засебни објекти се работи во функција на запишување/промена во катастар на недвижности **(основна цена+1$м^2$х цена за $м^2$)** | $м^2$ | 1759,00 | 7,00 | 1766,00 |
| **р.б** | **Геодетски елаборат** | **Единица мерка** | **Основна цена** | **Цена за $м^2$** | **Вкупно основна цена + цена за $м^2$** |
| 3 | За премер на отворена површина на објекти од типот на брани, соларни централи, отворени спортски игралишта, паркови, плоштади, паркиралишта, зеленила, градби за сепарција на материјал за производство на бетон, бетонски бази, асфалтни бази и други објекти во функција на запишување/промена во катастар на недвижности **(основна цена+1$м^2$х цена за $м^2$)** | $м^2$ | 2287,50 | 0,75 | 2288,25 |
| **р.б** | **Геодетски елаборат** | **Единица мерка** | **Основна цена** | **Цена за $м^2$** | **Вкупно основна цена + цена за $м^2$** |
| 4 | За премер на празна катастарска парцела во функција на запишување во катастар на недвижности **(основна цена+1$м^2$х цена за $м^2$)** | $м^2$ | 1970,00 | 1,00 | 1971,00 |
| 5 | За обележување на градежна парцела сопремер на лице место **(основна цена+1$м^2$х цена за $м^2$)** | $м^2$ | 1878,00 | 1,00 | 1879,00 |
| **р.б** | **Геодетски елаборат** | **Единица мерка** | | **Основна цена** | **основна** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | За нумерички податоци без теренско мерење во функција на реализација на урбанистички план, експропријација, приватизација на градежно земјиште и др. (ако градежната парцела претставува дел од една катастарска парцела) | елаборат | 1482,00 | 1482,00 |

| р.б | Геодетски елаборат | Единица мерка | Основна цена | Цена за секоја наредена КП | Вкупно основна цена + цена за секоја наредена КП |
|---|---|---|---|---|---|
| 7 | За нумерички податоци без теренско мерење во функција на реализација на урбанистички план, експропријација, приватизација на градежно земјиште и др. (ако градежната парцела е составена од повеќе катастарски парцели) **(основна цена+цена за секоја наредена КП x КП)** | Елабо-рат | 1482,00 | 460,00 | 1942,00 |

| р.б | Геодетски елаборат за решавање на имотно правни односи (концесии, долгорочни закупи и др.) за: | Единица мерка | Основна цена | Основна цена |
|---|---|---|---|---|
| 8 | • Опфат со површина до 1 Ха | ха | **2881,00** | **2881,00** |
| 9 | • Површина над 1 Ха | **за секој нареден хектар** | **699,50** | **699,50** |

| р.б | Геодетски елаборат | Единица мерка | Основна цена | Основна цена |
|---|---|---|---|---|
| 10 | За физичка делба на КП | Основна физичка делба на две КП | **3013,50** | **3013,50** |
| | | Секоја наредна ново формирана КП | **713,00** | **713,00** |

| р.б | Геодетски елаборат | Единица мерка | Основна цена | Основна цена |
|---|---|---|---|---|
| 11 | Парцелација врз основа на урбанистички план со теренско мерење | Една новоформирана КП | **3013,50** | **3013,50** |
| | | За секоја наредна новоформирана КП | **713,00** | **713,00** |

| р.б | Геодетски елаборат | Единица мерка | Основна цена | Цена за секој нареден метар должен | Вкупно основна цена + цена за секој нареден метар должен |
|---|---|---|---|---|---|
| 12 | За обележување на граници на катастарска парцела | метар должен | **1468,50** | **15,00** | **1483,50** |

| р.б | Геодетски елаборат | Единица мерка | Основна цена | Основна цена |
|---|---|---|---|---|
| 13 | Идентификација на катастарска парцела со увид на лице место без премерување | Една КП | **1137,00** | **1137,00** |

| р.б | Геодетски елаборат | Единица мерка | Основна цена | Основна цена |
|---|---|---|---|---|
| 14 | за Идентификација на катастарска парцела со премер и увид на лице место | Една КП | **1970,00** | **1970,00** |

<table>
<tr><th>р.б</th><th>Геодетски елаборат</th><th colspan="2">Единица мерка</th><th>Основна цена</th><th>Основна цена</th></tr>
<tr><td>15</td><td>За изготвување на ажурирана геодетска подлога за опфат со површина до 1 Ха</td><td colspan="2">1 ха</td><td>2973,00</td><td>2973,00</td></tr>
<tr><th>р.б</th><th>Геодетски елаборат за изготвување на ажурирана геодетска подлога за опфат со површина над 1 Ха :</th><th colspan="2">Единица мерка</th><th>Цена за ха</th><th>Цена за ха</th></tr>
<tr><td rowspan="4">16</td><td>• Опфат со површина од 1 до 5 Ха (основна цена х 0,85%)</td><td colspan="2" rowspan="4">1 ха</td><td>2527,00</td><td>2527,00</td></tr>
<tr><td>• Опфат со површина од 5 до 10 Ха (основна цена х 0,65%)</td><td>1932,00</td><td>1932,00</td></tr>
<tr><td>• Опфат со површина над 10 Ха (основна цена х 0,5%)</td><td>1486,50</td><td>1486,50</td></tr>
<tr><td>• Опфат вон градежен реон (неизградено земјиште) (основна цена х 0.4%)</td><td>1189,00</td><td>1189,00</td></tr>
<tr><th>р.б</th><th>Геодетски елаборат</th><th>Единица мерка</th><th>Основна цена</th><th>Цена за секоја наредена прекршна точка</th><th>Вкупно основна цена + цена за секоја наредена прекршна точка</th></tr>
<tr><td>17</td><td>За обележување проектирана градба на терен, (основна цена + цена по прекршна точка)</td><td>Еден објект</td><td>2076,00</td><td>87,50</td><td>2163,50</td></tr>
<tr><th>р.б</th><th>Геодетски елаборат</th><th>Единица мерка</th><th>Основна цена</th><th>Цена за секој нареден метар должен</th><th>Вкупно основна цена + цена за секој нареден метар должен</th></tr>
<tr><td>18</td><td>За ажурирање во функција на усогласување на податоците од катастарот на недвижности со фактичката состојба (со изјава на нотар)<br>(основна цена од Р.Бр.12 + цена за секој нареден 1м должен) х 0.75%</td><td>метар должен</td><td>1101,00</td><td>11,00</td><td>1112,00</td></tr>
<tr><th>р.б</th><th>Геодетски елаборат</th><th>Единица мерка</th><th>Основна цена</th><th>Цена за $м^2$</th><th>Вкупно основна цена + цена за $м^2$</th></tr>
<tr><td>19</td><td>За откуп на градежно земјиште под зграда/објект/дел од објект по стекнат правен статус на бесправно изграден објект (основна цена + $м^2$ х цена за $м^2$)</td><td>$м^2$</td><td>783,00</td><td>5,00</td><td>788,00</td></tr>
<tr><th>р.б</th><th>Геодетски елаборат</th><th colspan="2">Единица мерка</th><th>Основна цена</th><th>Основна цена</th></tr>
<tr><td>20</td><td>За консолидација на земјоделско земјиште за опфат со површина до 1 Ха</td><td colspan="2">1ха</td><td>3994,50</td><td>3994,50</td></tr>
<tr><th>р.б</th><th>Геодетски елаборат за консолидација на земјоделско земјиште за опфат со површина над 1 Ха</th><th colspan="2">Единица мерка</th><th>Цена за ха</th><th>Цена за ха</th></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 21 | • Опфат со површина од 1 до 5 Ха<br>**(основна цена x 0.85% од Ха)** | **1ха** | | **3395,32** | **3395,32** |
| **р.б** | **Геодетски елаборат за консолидација на земјоделско земјиште за опфат со површина над 1 Ха** | **Единица мерка** | | **Цена за ха** | **Цена за ха** |
| 22 | • Опфат со површина од 5 до 10 Ха<br>**(основна цена x 0.65% од Ха)** | **1ха** | | **2596,42** | **2596,42** |
| **р.б** | **Геодетски елаборат за консолидација на земјоделско земјиште за опфат со површина над 1 Ха** | **Единица мерка** | | **Цена за ха** | **Цена за ха** |
| 23 | • Опфат со површина над 10 Ха<br>**(основна цена x 0.5% од Ха)** | **1ха** | | **1997,25** | **1997,25** |
| **р.б** | **Геодетски елаборат Премер на инфраструктурни објекти:** | **Единица мерка** | | **Основна цена** | **Основна цена** |
| 24 | Инфраструктурни објекти поставени на стопа | Еден објект | | **2696,50** | **2696,50** |
| 25 | Премер на сообраќајни, енергетски, електронски комуникациски мрежи и средства и каналски надземни инфраструктурни објекти | км/насока | | **4152,00** | **4152,00** |
| 26 | Премер на водоводна, канализациона и енергетска инфраструктура и на електронски комуникациски мрежи и средства (на отворен ров) | км | | **5155,00** | **5155,00** |
| 27 | Премер на водоводна, канализациона и енергетска инфраструктура и на електронски комуникациски мрежи и средства (на затворен ров, со откривање на инфраструктурни објекти со скенер/трагач/шлиц)<br>**(основна цена за км од рб 26+ 35%)** | км | | **6959,00** | **6959,00** |
| **р.б** | **Геодетски елаборат за легализација на бесправно изградени објекти:** | **Единица мерка** | **Основна цена** | **Цена за м²** | **Вкупно основна цена + цена за м²** |
| 28 | • до 50 м²<br>**(основна цена +м² x цена за м²) x 0,50%** | **м²** | **879,50** | **3,50** | **883,00** |
| **р.б** | **Геодетски елаборат за легализација на бесправно изградени објекти** | **Единица мерка** | **Основна цена** | **Цена за м²** | **Вкупно основна цена + цена за м²** |
| 29 | • од 51 до 100 м²<br>**(основна цена +м² x цена за м²) x 0,75%** | **м²** | **1319,25** | **5,25** | **1324,50** |
| **р.б** | **Геодетски елаборат за легализација на бесправно изградени објекти** | **Единица мерка** | **Основна цена** | **Цена за м²** | **Вкупно основна цена + цена за м²** |
| 30 | • над 101 м²<br>**(основна цена +м² x цена за м² ) x 0,95%** | **м²** | **1671,05** | **6,65** | **1677,70** |
| **р.б** | **Геодетски елаборат** | **Единица мерка** | | **Основна цена** | **Основна цена** |
| 31 | За бришење на срушен објект или дел од | / | | **1970,00** | **1970,00** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | објект (од Р.бр.14) во една КП независно од бројот на објектите | | | |
| **р.б** | **Геодетски елаборат** | **Единица мерка** | **Основна цена** | **Основна цена** |
| 32 | За спојување на парцели ( од Р.бр.13) по ново оформена парцела | / | **1137,00** | **1137,00** |
| р.б | Вештачења | | | **Цена по вештачење** |
| 33 | за утврдување на право на сопственост на парцели, утврдување на идентитет помеѓу недвижност опишана во решение и имотен лист, околност за извршена идентификација и премер на лице место и други видови вештачења за кои ќе се укаже потреба, а согласно со Правилникот за геодетски работи за посебни намени | | | **8000,00** |
| | | | ****ВКУПНО** | **88431,44** |

****единечните цени и вкупната цена се изразуваат без ДДВ**

***НАПОМЕНА: Економскиот оператор задолжително треба да понуди цена за секоја позиција од листата со цени, во спротивно понудата ќе се отфрли како неприфатлива***

Место и датум
Скопје, 10.04.2023 година

Jovanka Lazoroska Digitally signed by Jovanka Lazoroska Date: 2023.04.10 13:16:11 +02'00'

Одговорно лице
Јованка Лазороска
(потпис) *

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*